РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12 - 476/1
27-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-мата седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2875/1 од 30.10.2025 година, оформен по добиена пријава со наводи за сомневање за прекршување на законските одредби во изборен процес во Општина ///, преку изведување на градежни работи во текот на септември и октомври 2025 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што наводите за сомневање за прекршување на законски одредби во изборен процес не се потврдуваат односно во предметниот случај не е констатирано прекршување на законските одредби за време на изборен процес.

Предметот со број 12-2875/1 од 30.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 30.10.2025 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за прекршување на законските одредби во изборен процес во Општина ///, преку изведување на градежни работи во текот на септември и октомври 2025 година.

Наводите од пријавата се однесуваат на сомневање за прекршување на законските одредби во изборен процес преку изведување на градежни работи – изградба и уредување на ул. /// и ул. /// на територијата на Општина /// во текот на септември и октомври 2025 година, без постоење на проектна и друга документација.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за доставување податоци и информации до Општина ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на Барањето на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Начинот на одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина /// согласно одредбите на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина /// за 2025 година од /// година и согласно одлуката за делегирање на вршење на работи од јавен интерес од /// година, за 2025 година е уреден со договор помеѓу Општина /// и ЈП /// – /// (бр./// од ///). Според одредбите од овој договор, работите ќе се извршуваат по претходна писмена нарачка со опис на работите, за што треба да бидат доставени фактури или ситуации со опис на извршените работи.
Во Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина /// за 2025 година (бр./// од /// година), Програма ///, Потпрограма ///планирани се средства во износ од 1,000.000 денари без ДДВ за санација на нивелети на постоечки локални патни правци со земјен коловоз, кои работи е предвидено да можат со договор да бидат отстапени на правни лица регистрирани за вршење на овие работи согласно со закон.
Во општите одредби на Програмата е наведено дека за реализација на дел од активноситe предвидени во истата Општината има обезбедено средства од Владата, од ЈП за државни патишта и од проект на Светска банка и дека за останатите активности ќе се бараат средства од Владата, од БРР и други институции и донатори, а во некои ќе учествува и општината со сопствени средства како делумно кофинансирање, како и за делот на ДДВ, а предвидени се финансиски средства и за самостојна реализација на одредени активности.
Градежните дејствија на ул. /// на кои се однесуваат наводите од пријавата биле преземени од страна на ЈП /// – ///. Овие дејствија од страна на ЈП /// – /// биле преземени по Барање од граѓани од /// година кое било доставено директно до претпријатието, за работна

рака - редење на веќе обезбедени бехатон-коцки, на кое Барање претпријатието одговорило позитивно, со напомена дека работите ќе се изведуваат во попладневните часови, по завршувањето на работното време.
Градежните работи на ул. /// биле преземени од страна на ЈП /// – /// по Барања од Општина /// од /// година и /// година, за времено санирање на дел од ул.///, а врз основа на Договорот за одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина /// (бр./// од /// година). Барањето од Општината до ЈП /// – /// било доставено откако Општината примила Барања од граѓани за санација на улицата, од /// година и од /// година.

Според членот 34 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и според членот 8-а став 1 алинеја 1 од Изборниот законик:

*„Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на*
*градот Скопје, не може:*
*- да започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација и други објекти или на објекти за општествени дејности - училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година“.*

ДКСК цени дека утврдената фактичка состојба упатува на тоа дека градежните работи на кои се однесуваат наводите од пријавата не претставуваат изградба на нови објекти во инфраструктурата, туку претставуваат одржување и реконструкција на споредни општински патишта изведени на мал потег и во рамки на износ на средства предвиден во програма донесена врз основа на закон, а која се однесува на тековната година. Оттаму, ДКСК констатира дека утврдената фактичка состојба не упатува на прекршување на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

забраната од членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и од членот 8-а од Изборниот законик.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите за сомневање за прекршување на законски одредби во изборен процес изнесени во пријавата врз чија основа е оформен предметот не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување. Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до
- Подносителот на пријавата